ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ОКТОМВРИ 2019
TETOR 2019



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**-ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**-BNJVL**



Почитувани,

Циклусот од шест работилници што го организираше ЗЕЛС за претседателите на советите на општините од осумте плански региони во земјава заврши кон средината на октомври. Присутните беа информирани за улогата и активностите на Комитетот на советите при ЗЕЛС и можностите што тој ги нуди за разгледување и разрешување на предизвиците со кои се соочуваат општинските совети. Беа пренесени и ставовите на органите и телата на ЗЕЛС, а присутните беа информирани и за предлог-решенијата за продолжување на процесот на децентрализацијата. Од средбите произлезе генералниот заклучок за потребата од поголема меѓусебна соработка на претседателите на советите на регионално ново, потребата од јакнење на капацитетите на советникот и обезбедување на соодветна поддршка од општинската администрација за активностите на советот.

Во октомври заврши и циклусот од трите дебати што ги организираше ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ, во насока на идентификување на клучните предизвици и утврдување на решенија за успешно спроведување на реформата на јавната администрација на локално ниво. На дебатите учествуваа претставници од одделенијата за управување со човечки ресурси од општините, секретари на општини и претставници на граѓанското општество.

Мрежата на Територијалните противпожарни единици (ТППЕ), при ЗЕЛС одржа седница на која се говореше за воспоставувањето на алармен систем 112, за масовно информирање и предупредување на граѓаните за одредена несреќа или природна катастрофа, а се дискутираше и за актуелните состојби во областа на противпожарната заштита во нашата земја.

Во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, општинските координатори на комисиите за еднакви можности на жените и мажите беа запознаени со новиот проект на ЗЕЛС за родово одговорни општини. Основната цел на проектот е општините да имплементираат напредни политики за родова еднаквост на локално ниво, за што е обезбедено јакнење на капацитетите на поголем број претставници од општинската администрација.

Лицата задолжени за образование во општините беа повикани во ЗЕЛС на работилница посветена на -„Предизвиците на локалната самоуправа во средното стручно образование". Поканети беа претставници од Центарот за стручно образование и обуки (ЦСОО) кои ги изнесоа реформите во средното стручно образование, а говореа и за улогата на локалната власт во оваа област.

Во ЗЕЛС беше презентиран и „Проектот за подобрување на социјалните услуги", со кој се обезбедува грант од 10,8 милиони евра за општински проекти за развивање на социјални услуги. Со условите за аплицирање , нои со новиот Закон за социјална заштита беа запознаени претставници од одделенијата за локален економски развој и одговорните лица во општините за прашања од областа на социјалата.

За овие и за други настани организирани во месец октомври, повеќе ќе можете да прочитате во ова издание на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршна директорка на ЗЕЛС

Të nderuar,

Cikli me gjashtë punëtori që e organizoi BNJVL-ja për kryetarët e këshillave të komunave të tetë rajoneve planifikuese në vend përfundoi në mesin e muajit tetor. Të pranishmit u informuan për rolin dhe aktivitetet e Komitetit të këshillave të BNJVL-së dhe mundësitë që i ofron ai për shqyrtimin dhe tejkalimin e sfidave me të cilat ballafaqohen këshillat komunalë. U transmetuan edhe qëndrimet e organeve dhe trupave të BNJVL-së, ndërsa të pranishmit u informuan edhe për propozim-zgjidhjet për vazhdimin e procesit të decentralizimit. Nga takimet doli konkluzioni i përgjithshëm për nevojën e një bashkëpunimi më të madh të ndërsjellë të kryetarëve të këshillave në nivel rajonal; nevojën e forcimit të kapaciteteve të këshilltarit dhe sigurimit të një mbështetjeje përkatëse nga administrata komunale për aktivitetet e këshillit.

Në tetor përfundoi edhe cikli me tri debate që i organizuan BNJVL-ja dhe Misioni i OSBE-së, në drejtim të identifikimit të sfidave kryesore dhe përcaktimit të zgjidhjeve për zbatim të suksesshëm të reformës së administratës publike në nivel lokal. Në debatet morën pjesë përfaqësues nga departamentet e komunave për menaxhim me resurset njerëzore, sekretarë të komunave dhe përfaqësues të shoqërisë civile.

Rrjeti i Njësive Territoriale Zjarrfikëse (NJTZ) i BNJVL-së mbajti seancë në të cilën u bisedua për vendosjen e sistemit të alarmimit 112, për informim masovik dhe paralajmërim të qytetarëve për një fatkeqësi të caktuar ose katastrofë natyrore, ndërsa u diskutua edhe për gjendjet aktuale në sferën e mbrojtjes zjarrfikëse në vendin tonë.

Në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, koordinatorët komunalë të komisioneve për mundësi të barabarta të femrave dhe burrave u informuan për projektin e ri të BNJVL-së për komuna të përgjegjshme gjinore. Qëllimi kryesor i projektit është që komunat ta zbatojnë politika të avancuara për barazi gjinore në nivel lokal, për të cilën gjë është siguruar forcimi i kapaciteteve të numrit më të madh të përfaqësuesve të administratës komunale.

Personat përgjegjës për arsim në komuna u ftuan në BNJVL për punëtorinë e kushtuar "Sfidave të vetëqeverisjes lokale në arsimin e mesëm profesional". U ftuan përfaqësues nga Qendra për Arsim Profesional dhe Trajnim (QAPT) të cilët prezantuan reformat në arsimin e mesëm profesional, ndërsa folën edhe për rolin e pushtetit lokal në këtë sferë.

Në BNJVL u prezantua edhe "Projekti për përmirësimin e shërbimeve sociale", me të cilin sigurohet grant prej 10.8 milionë eurosh për projekte komunale për zhvillimin e shërbimeve sociale. Përfaqësuesit e departamenteve të zhvillimit ekonomik lokal dhe personat e përgjegjshëm të komunave për çështjet e sferës së punës sociale u informuan për kushtet e aplikimit, por edhe për Ligjin e ri për mbrojtjen sociale.

Për këto dhe për ngjarje të tjera që janë organizuar në muajin tetor, do të mund të lexoni më shumë në këtë publikim të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

# ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Подготвување на посебна Стратегија за реформа на јавната администрација на локално ниво или утврдување на поединечна глава во рамките на Националната стратегија за реформа на јавната администрација е еден од поважните предлози што произлегоа од трите регионални средби, што ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во нашата земја ги организираа кон крајот на септември и почетокот на октомври оваа година. На дебатите учествуваа претставници од одделенијата за управување со човечки ресурси од општините, секретари на општините и претставници на граѓанското општество кои дискутираа во насока на идентификување на клучните предизвици и утврдување на решенија за успешно спроведување на реформата на јавната администрација на локално ниво. На првата работилница, што се одржа на 24 септември 2019 година, во Скопје, беа поканети претставници од општините од Скопскиот и од Североисточниот плански регион. Втората дебата се одржа во Велес, на 3 октомври 2019 година, на која учествуваа претставници од Вардарскиот, Источниот и Југоисточниот регион, а на 9 октомври 2019 година, во Охрид, беа поканети претставници од општините од Југозападниот, Полошкиот и Пелагонискиот плански регион.

**Од вкупната јавна администрација во Финска, 80% се вработени на локално ниво**

На дебатите беше посочено дека Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 (СРЈА) и Акцискиот план, усвоени од Владата на РСМ ги идентификуваат клучните области на реформата, без притоа да го препознаат локалното ниво како посебен, автономен дел од јавниот сектор. Иако во државата се применува децентрализиран концепт на управување, специфичните потреби на локалното ниво воопшто не се изразени во националните стратешки документи. Оттука, на дебатите посебно внимание беше посветено на прашањата за примената на областите од СРЈА на локално ниво, меѓу кои: креирање политики и координација; јавна служба и управување со човечки ресурси; одговорност, отчетност и транспарентност и давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата. Пред присутните беа презентирани и податоци за процентуалната застапеност на администрацијата на централно и на локално ниво во нашата и во некои европски држави. Во нашата земја бројот на вработени во локалната власт е драстично помал во однос на вработеноста во 15-те министерства, каде има 24.464 вработени или, во просек, 1630 вработени по министерство (или 309 без МВР и МО). Додека во 81 единица на локалната власт има вкупно 5.693 вработени, или во просек има 70 вработени по општина (или 63 вработени ако се изземе Град Скопје). Во Естонија, пак, бројот на вработени на централно ниво изнесува 47% од вкупната јавна администрација, чиј број е 118.253 вработени, а бројот на вработени на локално ниво е поголем и изнесува 53%. Во Финска податоците покажуваа уште поголема процентуална застапеност на администрацијата на локално ниво, односно од вкупната јавна администрација од 536.000, 80% се вработени на локално ниво, а само 20% се вработени на централно ниво.

# IDENTIFIKIMI I SFIDAVE DHE ZGJIDHJEVE KRYESORE PËR ZBATIM TË SUKSESSHËM TË REFORMËS NË ADMINISTRATËN PUBLIKE NË NIVEL LOKAL

Përgatitja e një Strategjie të veçantë për reformën e administratës publike në nivel lokal ose përcaktimi i një kapitulli të veçantë në kuadër të Strategjisë nacionale për reformën e administratës publike është një nga propozimet më të rëndësishme që dolën nga tri takimet rajonale të cilat i organizuan BNJVL-ja dhe Misioni i OSBE-së në vendin tonë në fund të shtatorit dhe fillim të tetorit të këtij viti. Në debatet morën pjesë përfaqësues nga departamentet e komunave për menaxhim me resurset njerëzore, sekretarë të komunave dhe përfaqësues të shoqërisë civile, të cilët diskutuan në drejtim të identifikimit të sfidave kryesore dhe përcaktimit të zgjidhjeve për zbatim të suksesshëm të reformës së administratës publike në nivel lokal. Në punëtorinë e parë që u mbajt më 24 shtator 2019 në Shkup, u ftuan përfaqësues nga komunat e Rajonit planifikues të Shkupit dhe Rajonit planifikues verilindor. Debati i dytë u mbajt në Veles, më 03 tetor 2019, në të cilin morën pjesë përfaqësues të komunave të Rajonit planifikues të Vardarit, Rajonit planifikues lindor dhe Rajonit planifikues juglindor, ndërsa më 09 tetor 2019, në Ohër, u ftuan përfaqësues nga komunat e Rajonit planifikues jugperëndimor, Rajonit planifikues të Pollogut dhe Rajonit planifikues të Pellagonisë.

**80% nga administrata totale publike në Finlandë është punësuar në nivel lokal**

Në debatet u theksua se Strategjia për reformën e administratës publike 2018-2022 (SRAP) dhe Plani aksionar, të miratuar nga Qeveria e RMV-së, identifikojnë sferat kryesore të reformës, pa e njohur nivelin lokal si një pjesë e veçantë dhe autonom e sektorit publik. Edhe pse në shtet zbatohet koncepti i decentralizuar i qeverisjes, nevojat specifike të nivelit lokal aspak nuk shprehen në dokumentet nacionale strategjike. Prandaj, në debatet një vëmendje e veçantë iu përkushtua çështjeve për zbatimin e sferave të SRAP-it në nivel lokal, ndër të cilat: krijimi i politikave dhe koordinimi; shërbimi publik dhe menaxhimi i resurseve njerëzore; përgjegjësia, llogaridhënia dhe transparenca; dhe ofrimi i shërbimeve dhe dhënia e mbështetjes së TIK-ut për administratën. Para të pranishmëve u prezantuan edhe të dhëna për përfaqësimin procentual të administratës në nivel qendror dhe lokal në vendin tonë, por edhe në disa vende evropiane. Në vendin tonë, numri i të punësuarve në pushtetin lokal është në mënyrë drastike më i ulët në raport me punësimin në 15 ministritë, ku janë punësuar 24.464 persona ose mesatarisht 1.630 persona janë punësuar në një ministri (ose 309 pa MPB-në dhe MB-në). Ndërsa, në 81 njësitë e pushtetit lokal janë punësuar gjithsej 5.693 persona ose mesatarisht 70 persona janë punësuar në një komunë (ose 63 persona nëse përjashtohet Qyteti i Shkupit). Në Estoni, megjithatë, numri i personave të punësuar në nivel qendror është 47% nga administrata totale publike, numri i së cilës është 118.253 persona të punësuar, ndërsa numri i personave të punësuar në nivel lokal është më i madh dhe është 53%. Në Finlandë, të dhënat tregojnë një punësim edhe më të madh procentual të administratës në nivel lokal, përkatësisht nga administrata totale publike që numëron 536.000 punonjës, 80% prej tyre janë punësuar në nivel lokal, ndërsa vetëm 20% janë punësuar në nivel qendror.

## Посебен Закон за административни службеници на локално ниво ?!

Кај трите групи на учесници на дебатите преовладува мислењето дека примената на Законот за административни службеници во делот на вработување, оценување, унапредување и организирање на обуки, ја отежнува и забавува работата на општинската администрација. Беше посочена потребата од посериозни промени во организирањето на обуките, односно во спроведувањето на обврската на МИОА за организирање на генерички обуки. Присутните искажаа задоволство од обуките што ги организира ЗЕЛС, особено од специјализираните обуки и изразија потреба за обезбедување на поголем број на вакви обуки. Во таа насока, претставниците на општините се согласија дека во наредниот период треба да се размислува за донесување на посебен Закон за административни службеници на локално ниво, по примерот на Република Србија. Се смета дека спецификите на локалните самоуправи се занемарени во постојниот закон, а локалните власти се соочуваат со бројни предизвици во спроведувањето на услугите од префрлените надлежности.

Беа посочени и предизвиците со системот за е-учење на МИОА кој е нефункционален и технички не е прилагоден во согласност со актуелните потреби на администрацијата. Постојат проблеми при најавувањето и регистрирањето во системот, па општините не може да ги реализираат плановите за обуки. Беше посочено дека извештаите за реализација на обуки кои општините ги подготвуваат и доставуваат до МИОА не се евалуираат.

## Неадекватна комуникација помеѓу администрацијата од централно и од локално ниво

Актуелните законски решенија во работењето на јавната администрација содржат и елементи на централизација, а во голем број случаи не е направена јасна дистинкција кои обврски и задолженија се на централната и кои на локалната власт. Присутните инсистираа на потребата од навремено вклучување на локалната власт во процесите на подготовката на законските решенија, но и разгледување и прифаќање на нивните сугестии и мислења по дадени закони и документи.

Исто така, кај присутните преовладува мислењето дека ресорните министерства ја одбегнуваат комуникацијата со општинската администрација која бара поддршка при разрешувањето на одредени проблемите со кои се соочуваат при секојдневното работење. Од друга страна, централните институции речиси секојдневно испраќаат барања општините да им достават одредени податоци, да пополнат прашалници или анкети, со што дополнително се оптоварува работењето на општинската администрација.



## Ligj i veçantë për nëpunës administrativë në nivel lokal?!

Te tri grupet e pjesëmarrësve që morën pjesë në debatet sundon mendimi se zbatimi i Ligjit për nëpunës administrativë në pjesën e punësimit, vlerësimit, avancimit dhe organizimit të trajnimeve vështirëson dhe ngadalëson punën e administratës komunale. U theksua nevoja për ndryshime më serioze në organizimin e trajnimeve, përkatësisht në zbatimin e obligimit të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës për organizimin e trajnimeve gjenerike. Të pranishmit shprehën kënaqësi për trajnimet që i organizoi BNJVL-ja, sidomos për trajnimet e specializuara dhe shprehën nevojë për sigurimin e një numri më të madh të trajnimeve të këtilla. Në këtë drejtim, përfaqësuesit e komunave u pajtuan se në periudhën e ardhshme duhet të mendohet për miratim të një Ligji të veçantë për nëpunës administrativë në nivel lokal, sipas shembullit të Republikës së Serbisë. Konsiderohet se specifikat e vetëqeverisjeve lokale janë lënë anash në ligjin aktual, ndërsa autoritetet lokale ballafaqohen me sfida të shumta në zbatimin e shërbimeve të kompetencave të transferuara.

U theksuan edhe sfidat me sistemin e e-mësimit të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, i cili është jofunksional dhe nuk është adaptuar teknikisht në përputhje me nevojat aktuale të administratës. Ka probleme gjatë hyrjes dhe regjistrimit në sistem, kështu që komunat nuk mund t'i realizojnë planet për trajnime. U theksua se raportet për realizimin e trajnimeve që i përgatisin komunat dhe i dërgojnë në Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës nuk vlerësohen.

## Komunikim joadekuat ndërmjet administratës së nivelit qendror dhe atij lokal

Zgjidhjet aktuale ligjore në punën e administratës publike përmbajnë edhe elemente të centralizimit, ndërsa në shumë raste nuk është bërë një ndarje e qartë se cilat obligime dhe detyrime janë të pushtetit qendror, e cilat janë të pushtetit lokal. Të pranishmit insistonit për nevojën e përfshirjes me kohë të pushtetit lokal në proceset e përgatitjes së zgjidhjeve ligjore, por edhe për shqyrtimin dhe pranimin e sugjerimeve dhe mendimeve të tyre për ligjet dhe dokumentet e dhëna.

Po ashtu të pranishmit kanë mendim se ministritë e resorit shmangin komunikimin me administratën komunale, e cila kërkon mbështetje gjatë zgjidhjes së problemeve të caktuara me të cilat ballafaqohen në punën e çdoditshme.

Nga ana tjetër, institucionet qendrore gati për çdo ditë dërgojnë kërkesa deri te komunat për të dërguar të dhëna të caktuara, për të plotësuar pyetësorë ose anketa, me ç'rast vështirësohet në mënyrë shtesë puna e administratës komunale.



Од дебатите произлезе и ставот дека треба да се направи реална проценка на капацитетите на вработени во општините, да се рационализира и да се најде модул за реално вклучување на сите квалитетни кадри во работата на општината. Во однос на актуелната законска обврска за давање одобрение за систематизации за вработени во општините од страна на МИОА, ставовите се поделени. Едните сметаат дека треба да се остави оваа контролна функција на МИОА, додека другите сметаат дека општините се самостојни единици, со свој буџет и таа обврска треба да се остави на локалната власт (одлука на градоначалник или Совет на општината). Дел од претставниците посочија и на нецелисходноста на т.н. „балансер" односно имплементирањето на Методологијата за планирање на вработување во јавниот сектор со начелото за соодветна и правична застапеност, особено во услови кога многу општини се соочуваат со недостаток на соодветни кадри (ИКТ, урбанизам, сообраќај ....). Присутните укажаа и на големата тромост кај државната администрација при давањето на одредени согласности или одобренија за спроведување на законските обврски на локално ниво. Воведувањето на електронските услуги на локално ниво, обезбеди зголемена евиденција, забрзување на процесите, подобра услуга, зголемена транспарентноста и слично. Во таа насока, присутните посочија на потребата од воведување на повеќе електронски услуги на локално ниво (е-даноци, е-шалтер), но, притоа, голем број општини го нагласија и предизвикот со недостатокот на вработени од ИКТ областа за обезбедување на поголема функционалност на постапките. Претставниците од граѓанските организации кои присуствуваа на дебатите посочија дека, иако постојат напори за подобрување на транспарентноста во работењето на општинската администрација, сепак има простор за нејзино унапредување. Во таа насока, посочија и на „скриеноста" на низа податоци кои тешко се наоѓаат на општинските веб-страници. Со цел поставување на минимум стандарди за транспарентност, беше иницирано ЗЕЛС да направи унифициран темплејт за веб-страница, за сите општини.

Nga debatet doli edhe qëndrimi se duhet të bëhet një vlerësim real i kapaciteteve të personave të punësuar në komunat, të racionalizohet dhe të gjendet një modul për përfshirje reale të të gjitha kuadrove profesionale në punën e komunës. Sa i përket obligimit aktual ligjor për dhënien e miratimeve për sistematizimin e personave të punësuar në komuna nga ana e Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, qëndrimet janë të ndara. Disa mendojnë se ky funksion kontrollues duhet t'i lihet Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, ndërsa disa mendojnë se komunat janë njësi të pavarura, me buxhet të tyre dhe ky obligim duhet t'i lihet pushtetit lokal (vendim i kryetarit të komunës ose Këshillit të komunës). Një pjesë e përfaqësuesve theksuan edhe mosefektivitetin e të ashtuquajturit "balancues", gjegjësisht implementimi i Metodologjisë për planifikimin e punësimeve në sektorin publik me parimin e përfaqësimit përkatës dhe të drejtë, veçanërisht në kushte kur shumë komuna ballafaqohen me mungesë të kuadrove përkatëse (TIK, urbanizëm, trafik...). Të pranishmit theksuan se administrata shtetërore punon në mënyrë të ngadalshme gjatë dhënies së pajtimeve ose miratimeve të caktuara për zbatimin e obligimeve ligjore në nivel lokal. Aplikimi i shërbimeve elektronike në nivel lokal siguron një evidencë të rritur, përshpejtim të proceseve, shërbim më të mirë, transparencë të rritur etj. Në këtë drejtim, të pranishmit theksuan nevojën për aplikimin e më shumë shërbimeve elektronike në nivel lokal (e-tatime, e-sportel), por, njëkohësisht, një numër i madh komunash theksuan edhe sfidën e mungesës së personave të punësuar të fushës së TIK-ut për sigurimin e një funksionaliteti më të madh të procedurave. Përfaqësuesit e organizatave civile që morën pjesë në debatet, theksuan se edhe pse ka përpjekje për përmirësimin e transparencës në punën e administratës komunale, megjithatë ende ka hapësirë për avancim të saj. Në këtë drejtim, ata theksuan edhe "fshehtësinë" e një sëre të dhënash të cilat gjenden vështirë në faqet e internetit të komunave. Me qëllim të vendosjes së standardeve minimale të transparencës, u iniciua që BNJVL-ja të bëjë një formë të unifikuar të faqes së internetit për të gjitha komunat.

## СИСТЕМОТ ЗА МАСОВНО ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ 112, ПРЕТСТАВЕН ПРЕД МРЕЖАТА НА ТППЕ ПРИ ЗЕЛС

Мрежата на Територијалните противпожарни единици (ТППЕ) при ЗЕЛС, на 10 октомври, 2019 година одржа седница на која се говореше за воспоставувањето на алармен систем 112, за масовно информирање и предупредување на граѓаните преку нивните телефонски уреди за одредена несреќа или природна катастрофа, а се дискутираше и за актуелните состојби во областа на противпожарната заштита во нашата земја.

На седницата беа поканети претставници од Делегацијата на Европската Унија во Скопје, кои пред присутните го презентираа проектот за поддршка во воведувањето на единствениот систем за повикување 112, кој се спроведува во неколку фази и ги вклучува сите единици на локалната самоуправа кои имаат сопствени противпожарни единици. Станува збор за обврска што нашата држава треба да ја реализира во најкус можен рок, а што произлегува и од бројните резолуции на ООН, меѓународните рамки, директивите на ЕУ поврзани со

## SISTEMI PËR INFORMIM MASOVIK DHE PARALAJMËRIM TË QYTETARËVE 112 ËSHTË PREZANTUAR PARA RRJETIT TË NJTZ-VE TË BNJVL-SË

Rrjeti i Njësive Territoriale Zjarrfikëse (NJTZ) i BNJVL-së, më 10 tetor 2019 mbajti seancë në të cilën u bisedua për vendosjen e sistemit të alarmimit 112, për informim masovik dhe paralajmërim të qytetarëve përmes aparateve të tyre telefonike për një fatkeqësi të caktuar ose katastrofë natyrore, ndërsa u diskutua edhe për gjendjet aktuale në sferën e mbrojtjes zjarrfikëse në vendin tonë.

Në seancë u ftuan përfaqësues nga Delegacioni i Bashkimit Evropian në Shkup, të cilët prezantuan para të pranishmëve projektin për mbështetjen e aplikimit të sistemit unik për alarmim 112, i cili zbatohet në disa faza dhe përfshin të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale që kanë njësitë e tyre të zjarrfikësve. Bëhet fjalë për obligim të cilin duhet ta realizojë vendi ynë në afat sa më të shkurtër të mundshme, e që del nga rezolutat e shumta të OKB-së, kornizat ndërkombëtare, direktivat e BE-së të lidhura me mbrojtjen civile, standardet

цивилната заштита, НАТО стандардите и компаративните искуства од другите држави и меѓународни организации и асоцијации. Државата треба да ги постави и развива системите и стандардите за спречување и намалување на последиците од катастрофи, користејќи ги научните и стручните капацитети. Проектот подразбира воспоставување на информативен центар за повикување, со обучен персонал кој ќе ги презема повиците, ќе ги внесува податоците за пријавената непогода во единствениот информациски систем кој ќе биде воспоставен за оваа намена и на тој начин ќе овозможи координација и организирање на расположливите единици заради справување со актуелната состојба. Системот ќе биде надгледуван и од државните институции, како Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи кои ќе имаат увид и кои во рамките на своите надлежности ќе можат да преземаат одредени мерки на координација и упатување на потребни ресурси.

Од општините се очекува да го прифатат и да го подржат овој систем, со тоа што од нивна страна ќе биде потребно да задолжат лице од редот на вработените кој ќе пристапува во системот и ќе ги прима пренасочените повици, но и ќе ги внесува сите претходно дефинирани потребни податоци. За оваа фаза е предвидена и детална обука на овие лица кои ќе бидат назначени од командирите на ТППЕ за секоја единица посебно. Во оваа фаза се врши меѓусебно информирање, но и консултација и подготовка за претстојните активности од поголем обем. Од Седницата произлезе заклучок: информацијата поврзана со овој проект да ја разгледа Управниот одбор на ЗЕЛС и да заземе став кој потоа ќе биде доставен до општините.

На седницата, присутните исто така беа информирани дека при Министерството за одбрана е формирана работна група, во која се разговара за реформа на системот за заштита и спасување, што подразбира и системот на противпожарна заштита. Досега работната група има одржано еден состанок, а за следниот состанок се прибираат податоци и предлози за подобрување на состојбите. Присутните беа информирани дека ЗЕЛС, по барање на Министерството за одбрана, собираше податоци од локалните власти, по повеќе основи, поврзани со предвидувањето на соодветни буџетски средства и пресметката на блок дотацијата за општините, со оглед на променетите состојби од денот на преземањето на оваа надлежност од страна на општините. Собраните податоци за сите општини беа доставени до Министерството за одбрана на 29 септември, 2019 година.

e NATO-s dhe përvojat krahasuese të vendeve të tjera dhe organizatave dhe asociacioneve ndërkombëtare. Shteti duhet t'i vendosë dhe t'i zhvillojë sistemet dhe standardet për parandalim dhe reduktim të pasojave të katastrofave, duke përdorur kapacitetet shkencore dhe profesionale. Projekti nënkupton vendosjen e një qendre informative të alarmimit, me personal të trajnuar që do t'i ndërmarrë thirrjet, do t'i regjistrojë të dhënat e fatkeqësisë së raportuar në sistemin unik të informacioneve, i cili do të vendoset për këtë qëllim dhe në këtë mënyrë do të mundësojë koordinimin dhe organizimin e njësive që janë në dispozicion për shkak të ballafaqimit me gjendjen aktuale. Sistemi do të mbikëqyret edhe nga institucionet shtetërore siç janë Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim dhe Qendra për menaxhimin e krizave, të cilat do të kenë pasqyrë dhe të cilat brenda kompetencave të tyre do të mund të ndërmarrin masa të caktuara për koordinim dhe drejtim të resurseve të nevojshme.

Nga komunat pritet ta pranojnë dhe ta mbështesin këtë sistem, kështu që nga ana e tyre do të kërkohet që të emërojnë një person nga radha e të punësuarve i cili do të ketë qasje në sistem dhe do t'i pranojë thirrjet e ridrejtuara, por edhe do t'i shkruajë të gjitha të dhëna të nevojshme të përcaktuara paraprakisht. Për këtë fazë është paraparë edhe një trajnim i detajuar për këta persona që do të emërohen nga ana e komandantëve të NJTZ-ve për çdo njësi veç e veç. Në këtë fazë kryhet informim të ndërsjellë, por edhe konsultim dhe përgatitje për aktivitetet e ardhshme me vëllim më të madh. Nga seanca doli konkluzioni që informatën e lidhur me këtë projekt ta shqyrtojë Bordi drejtues i BNJVL-së dhe të marrë një qëndrim i cili pastaj do të dërgohet deri te komunat.

Në seancë, të pranishmit po ashtu u informuan se në kuadër të Ministrisë së Mbrojtjes është formuar një grup punues, në të cilin po bisedohet për reformim të sistemit të mbrojtjes dhe shpëtimit, që nënkupton edhe sistemit të mbrojtjes zjarrfikëse. Deri më tani, grupi punues ka mbajtur një takim, ndërsa për takimin e ardhshëm mblidhen të dhëna dhe propozime për përmirësim të gjendjeve. Të pranishmit u informuan se BNJVL-ja, me kërkesë të Ministrisë së Mbrojtjes, mblidhte të dhëna nga autoritetet lokale, në më shumë baza dhe të lidhura me parashikimin e mjeteve përkatëse buxhetore dhe llogaritjen e bllok dotacionit për komunat, duke pasur parasysh gjendjet e ndryshuara nga dita e ndërmarrjes së kësaj kompetence nga ana e komunave. Të dhënat e mbledhura për të gjitha komunat u dërguan në Ministrinë e Mbrojtjes më 29 shtator 2019.





## ПОТРЕБНА АКТИВНА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОВЕТИТЕ - ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ОД РЕГИОНАЛНИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ЗЕЛС

ЗЕЛС продолжи со реализација на иницијативата за организирање на регионалните работилници со претседателите на општинските совети и во месец октомври. На 14 октомври, 2019 година, во Општина Гази Баба, ЗЕЛС ги повика претставниците од седумнаесетте општини од Скопскиот плански регион, потоа на 16 октомври, 2019 година, во Општина Дебар, организираше работилница за претседателите на советите од општините од Полошкиот и од Југозападниот плански регион, а на 17 октомври, 2019 година, во Општина Крива Паланка, регионална работилница беше организирана за претседателите на Североисточниот плански регион. Со тоа се заокружи еден циклус од шест работилници на кои беа повикани претседателите на советите на сите општини од сите осум плански региони во земјава. Присутните беа детално информирани за улогата и активностите на Комитетот на советите при ЗЕЛС и можностите што тој ги нуди за разгледување и разрешување на предизвиците со кои се соочуваат општинските совети. Се дискутираше и за потребата од јакнење на улогата на Советот на општината и на советникот, при што беше нагласена потребата од натамошно развивање на меѓусебна соработката на претседателите на општинските совети, особено на регионално ниво.

### Презентирани ставовите на органите и телата на ЗЕЛС

На сите работилници присуствуваше извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која ги запозна присутните со улогата на ЗЕЛС, како асоцијација на општините, чии активности првенствено се насочени кон координирање и лобирање за интересите на локалните власти, потоа поддршка на општинските електронски услуги и информирање на општините. Таа посочи на потребата од поголема активност на претседателите на советите за соработка со ЗЕЛС, при што ги охрабри советниците своите ставови и предизвици кои произлегуваат од работењето на советите да ги дискутираат на заеднички регионални средби, да ги доставуваат до Комитетот на советите, од каде може да бидат доставени на разгледување и од Управниот одбор на ЗЕЛС. Перишиќ се задржа на најактуелните активностите на ЗЕЛС, поврзани со предлог- решенијата за нов бран на децентрализација во делот на социјалната заштита, земјоделството, културата, здравството и во други области. Беа пренесени и ставовите на органите и телата на ЗЕЛС кои првенствено укажуваат на потребата за обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт, преземање на нови надлежности од полза на граѓаните и реформи во организацијата на единиците на локална самоуправа. Потенцирана беше и потребата од зголемување на одговорноста на ЕЛС за собирање на сопствените приходи. Советниците беа запознаени со иницијативата на органите на ЗЕЛС за зголемување на ставката за пресметување на данок на имот, бидејќи сега сите општини ја користат најниската ставка од законски утврдените можности (0,1% до 0,2%). Во таа насока, општинските совети треба адекватно да дискутираат за потребата, можностите и предностите што би се обезбедиле за општината, доколку оваа ставка се зголеми. Советниците беа информирани и за предлогот на органите на ЗЕЛС околу надоместокот за „легализација" на објектите кои се бесправно изградени по 3 март, 2011 година, под услов тие да може да биде вклопени во урбанистичко – планската документација и за нив да се плаќа дополнително зголемен процент

## NEVOJITET BASHKËPUNIM I NDËRSJELLË AKTIV I KRYETARËVE TË KËSHILLAVE - KONKLUZION I PËRGJITHSHËM NGA PUNËTORITË RAJONALE TË ORGANIZUARA NGA BNJVL-JA

BNJVL-ja vazhdoi me realizimin e iniciativës për organizimin e punëtorive rajonale me kryetarët e këshillave komunalë edhe në muajin tetor. Më 14 tetor 2019, në Komunën e Gazi Babës, BNJVL-ja ftoi përfaqësuesit e shtatëmbëdhjetë komunave të Rajonit planifikues të Shkupit, pastaj më 16 tetor 2019, në Komunën e Dibrës organizoi një punëtori për kryetarët e këshillave të komunave të Rajonit planifikues të Pollogut dhe Rajonit planifikues veriperëndimor, ndërsa më 17 tetor 2019, në Komunën e Kriva Pallankës u organizua një punëtori rajonale për kryetarët e këshillave komunalë të Rajonit planifikues verilindor. Me këtë u rrumbullakua një cikël me gjashtë punëtori në të cilët u ftuan kryetarët e këshillave të të gjitha komunave të të gjitha tetë rajoneve planifikuese në vend. Të pranishmit u informuan hollësisht për rolin dhe aktivitetet e Komitetit të këshillave të BNJVL-së dhe mundësitë që i ofron ai për shqyrtimin dhe tejkalimin e sfidave me të cilat ballafaqohen këshillat komunalë. U diskutua edhe për nevojën e përforcimit të rolit të Këshillit të komunës dhe të këshilltarit, kështu që u theksua nevoja për zhvillimin e mëtejshëm të bashkëpunimit të ndërsjellë të kryetarëve të këshillave komunalë, sidomos në nivel rajonal.

### U prezantuan qëndrimet e organeve dhe trupave të BNJVL-së

Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq mori pjesë në të gjitha punëtoritë dhe informoi të pranishmit për rolin e BNJVL-së si asociacion i komunave, aktivitetet e të cilave synojnë kryesisht koordinimin dhe lobimin për interesat e autoriteteve lokale, pastaj mbështetjen e shërbimeve elektronike komunale dhe informimin e komunave. Ajo theksoi nevojën për aktivitet më të madh të kryetarëve të këshillave për bashkëpunim me BNJVL-në, duke inkurajuar këshilltarët që të diskutojnë qëndrimet dhe sfidat e tyre që dalin nga puna e këshillave në takimet e përbashkëta rajonale, t'i dërgojnë ato deri në Komitetin e këshillave, prej nga mund të dërgohen për rishqyrtim edhe në Bordin Drejtues të BNJVL-së. Perishiq foli edhe për aktivitetet më aktuale të BNJVL-së, të lidhura me propozim-zgjidhjet për një vale të re të decentralizimit në sferën e mbrojtjes sociale, bujqësisë, kulturës, shëndetësisë dhe në sfera të tjera. U transmetuan edhe qëndrimet e organeve dhe trupave të BNJVL-së të cilat në radhë të parë tregojnë nevojën për sigurimin e një stabiliteti më të madh financiar të pushtetit lokal, ndërmarrjen e kompetencave të reja në favor të qytetarëve dhe reformat në organizimin e njësive të vetëqeverisjes lokale. U theksua edhe nevoja për rritjen e përgjegjësisë së NJVL-ve për mbledhjen e të ardhurave vetanake. Këshilltarët u informuan për iniciativën e organeve të BNJVL-së për rritjen e shkallës së llogaritjes së tatimit të pronës, sepse tani të gjitha komunat përdorin shkallën më të ulët nga mundësitë e përcaktuara me ligj (0.1% deri 0.2%). Në këtë drejtim, këshillat komunalë duhet të diskutojnë në mënyrë adekuate për nevojën, mundësitë dhe përparësitë që do të siguroheshin për komunën, nëse rritet kjo shkallë. Këshilltarët u informuan edhe për propozimin e organeve të BNJVL-së rreth kompensimit për "legalizimin" e objekteve që janë ndërtuar në mënyrë të paligjshme pas datës 3 mars 2011, vetëm me kusht që ato të mund të inkuadrohen në dokumentacionin urbanistik – planifikues dhe për to të paguhet një përqindje e rritur shtesë nga shuma e rregullt e

од редовната висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште. Рангот на определување на висината на надоместокот, во согласност со оваа мерка, дебатирано е да се движи од двојно зголемени комуналии од редовно утврдените за конкретната планска зона, преку ранг на зголемена висина на надоместокот од 150% од редовно утврдената висина на комуналиите.

## ОПШТИНА ДЕБАР ДОМАЌИН НА СОВЕТНИЦИТЕ ОД ПОЛОШКИОТ И ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во соработка со претседателот на Советот на Општина Дебар, Башким Машкули, ЗЕЛС ја организираше работилницата на претседателите на општинските совети од Југозападниот и од Полошкиот плански регион во оваа општина. На работилницата беше повикан и градоначалникот на Општина Дебар, Хекуран Дука, кој ја поздрави иницијативата на ЗЕЛС и го потенцира огромното значење на соработката меѓу градоначалникот и администрацијата со Советот, како важен услов за успешно функционирање на општината. Притоа, градоначалникот ја искористи можноста да го реактуелизира прашањето за долговите на јавните претпријатија од овие два региона, особено во делот за исплатата на здравственото осигурување на вработените. Беше побарано ЗЕЛС да даде приоритет на ова прашање и истото да биде разгледано на првата наредна седница на Управниот одбор.

Претседателот на советот на Општина Дебар, Башким Машкули, кој воедно е и член на Комитетот на советите при ЗЕЛС од Југозападниот плански регион, како домаќин на овој настан, говореше за улогата на Комитетот на советите при ЗЕЛС и можностите што ова тело им ги нуди на советниците. Посочи дека Комитетот е тело на ЗЕЛС каде може да се разгледуваат сите иницијативи, ставови и предлози на советите. Тој ја потенцира потребата за јакнење на улогата на општинските советници во насока на поквалитетно спроведување на законските обврски. Организирањето на заеднички средби на претседателите на регионално ниво, според Машкули, обезбедува идентификување на заедничките предизвиците на советите и нуди можност за нивно квалитетно разрешување.

### Маргинализирана улогата на општинскиот советник

Присутните посочија дека во многу општини од овие два региона, улогата на Советот и на советниците се маргинализира, а е нагласена улогата на градоначалникот. Тие посочија дека советниците и претседателот на Советот немаат просторија во која би ги примале граѓаните и би разговарале за нивните предизвици. Исто така, истакнаа дека Советот нема свој буџет за да може да спроведува соодветни активности; а беше нагласено дека многу е мал и бројот

kompensimit për rregullimin e tokës ndërtimore . Është diskutuar që rangu i përcaktimit të shumës së kompensimit, në përputhje me këtë masë, të lëvizet nga komunali të rritura dyfish nga ato që janë përcaktuar në mënyrë të rregullt për zonën konkrete planifikuese, përmes rangut të shumës së rritur të kompensimit nga 150% nga shuma e përcaktuar e rregullt e komunalive.

## KOMUNA E DIBRËS ISHTE NIKOQIR I KËSHILLTARËVE TË RAJONIT PLANIFIKUES TË POLLOGUT DHE RAJONIT PLANIFIKUES JUGPERËNDIMOR

Në bashkëpunim me kryetarin e Këshillit të Komunës së Dibrës, Bashkim Mashkulli, BNJVL-ja organizoi në këtë komunë punëtorinë e kryetarëve të këshillave komunalë të Rajonit planifikues jugperëndimor dhe Rajonit planifikues të Pollogut. Në punëtorinë u ftua edhe kryetari i Komunës së Dibrës, Hekuran Duka, i cili përshëndeti iniciativën e BNJVL-së dhe theksoi rëndësinë shumë të madhe të bashkëpunimit ndërmjet kryetarit të komunës dhe administratës me Këshillin, si kusht i rëndësishëm për funksionimin e suksesshëm të komunës. Njëkohësisht, kryetari i komunës shfrytëzoi mundësinë për ta riaktualizuar çështjen e borxheve të ndërmarrjeve publike të këtyre dy rajoneve, sidomos në pjesën e pagesës së sigurimit shëndetësor të të punësuarve. U kërkua që BNJVL-ja t'i japë prioritet kësaj çështjeje dhe e njëjta të rishqyrtohet në seancën e parë të ardhshme të Bordit Drejtues.

Kryetari i këshillit të Komunës së Dibrës, Bashkim Mashkulli, i cili është njëkohësisht edhe anëtar i Komitetit të këshillave të BNJVL-së nga Rajoni planifikues jugperëndimor, si nikoqir i kësaj ngjarjeje, foli për rolin e Komitetit të këshillave të BNJVL-së dhe mundësitë që i ofron ky trup për këshilltarët. Ai theksoi se Komiteti është trup i BNJVL-së ku mund të rishikohen të gjitha iniciativat, qëndrimet dhe propozimet e këshillave. Ai theksoi nevojën e forcimit të rolit të këshilltarëve komunalë në drejtim të zbatimit më cilësor të obligimeve ligjore. Organizimi i takimeve të përbashkëta të kryetarëve të këshillave komunalë në nivel rajonal, sipas Mashkullit, siguron identifikimin e sfidave të përbashkëta të këshillave dhe jep mundësinë për zgjidhjen e tyre cilësore.

### Rol i margjinalizuar i këshilltarit komunal

Të pranishmit theksuan se në shumë komuna nga këto dy rajone, roli i Këshillit dhe i këshilltarëve margjinalizohet, ndërsa theksohet roli i kryetarit të komunës. Ata theksuan se këshilltarët dhe kryetari i këshillit nuk kanë hapësirë në të cilën do t'i pranonin qytetarët dhe do të bisedonin për sfidat e tyre. Ata po ashtu theksuan se Këshilli nuk ka buxhetin e vet që të mund të zbatojë aktivitete përkatëse dhe u theksua se është shumë i vogël numri i komunave të cilat



буџетирање и родова еднаквост. Беше нагласена потребата секоја општина да има најмалку едно лице во општинската администрација кое исклучиво ќе биде одговорно за оваа област, бидејќи активностите се обемни и важни. Посочија дека во одредени општини, координаторите имаат тешкотии околу обезбедувањето на кворум за работа на КЕМ. Нагласија дека посебен акцент и поддршка во иднина треба да се стави на работењето на интер-секторските работни групи кои се составени од претставници од сите одделенија од општината што работат на планови и политики за РОБ и РЕ. Во таа насока, посочија дека е многу полезно што ЗЕЛС ќе посвети поголемо внимание на финансиските службеници и ПР лицата. Беа истакнати добри примери на работењето на овие интер-секторски групи, кои работат на развивање на соодветни алатки, но и на утврдување на соодветни активности и средства во Програмата за еднакви можности на жените и мажите. Општина Карпош посочи дека благодарение на големиот ентузијазам на членовите на интер-секторската работна група, во програмата биле предвидени 452.000,00 денари и сите средства биле искористени за реализација на проектите од областа на родовата еднаквост. Но, беа изнесени и примери од општини каде предвидените средства во оваа програма не се искористуваат воопшто или подоцна се пренаменуваат за други цели. Координаторите повторно ја нагласија потребата за изработка и воведување на унифицирани процедури и документи, што ЗЕЛС веќе го има предвидено за реализација со новиот проект.

Потребата од размена на добри практики, односно проекти што локалните власти од земјава или надвор од неа ги спроведуваат за обезбедување на поголема родова застапеност беше исто така нагласена од страна на координаторите. Координаторката од Општина Валандово, ја претстави иницијативата на Комисијата за еднакви можности во нивната општина за поголема вклученост на децата од руралните средини во градинките, со цел поддршка на руралната жена поактивно да се вклучи во одредени работни обврски, но и за поголема социјализација и образование на овие дечиња. Таа истакна дека е иницирано општината да обезбеди бесплатен превоз, за овие деца да одат во најблиските градинки во Валандово, Пирава, Удово и Брајковци, а во втората фаза да се обезбеди изградба на градинки и во останатите населени места. Уште една придобивка од оваа иницијатива, е што децата од селото Дедели, каде населението е од турска националност, уште од мала возраст ќе имаат можност да се запознаат со македонскиот јазик, и обратно, македонските деца ќе го запознаат турскиот јазик. Притоа, покрената е иницијатива да се обезбеди и негувателка која ќе го говори турскиот јазик.

gjinore. U theksua nevoja që çdo komunë të ketë të paktën një person në administratën komunale i cili do të jetë përgjegjës enkas për këtë sferë, sepse aktivitetet janë shumë të mëdha dhe të rëndësishme. Ata theksuan se në komuna të caktuara, koordinatorët kanë vështirësi me sigurimin e kuorumit të punës së komisioneve të mundësive të barabarta. Ata theksuan se në të ardhmen një theks i veçantë dhe mbështetje duhet t'i vihet punës së grupeve ndër-sektoriale punuese që përbëhen nga përfaqësues nga të gjitha departamentet e komunës që punojnë në sferën e planeve dhe programeve të buxhetimit të përgjegjshëm gjinor dhe barazisë gjinore. Në këtë drejtim, ata theksuan se është shumë e dobishme që BNJVL-ja do t'u kushtohet vëmendje më të madhe nëpunësve financiarë dhe personave për marrëdhënie me publikun. U theksuan shembuj të mirë të punimit të këtyre grupeve ndër-sektoriale, të cilat punojnë për zhvillimin e veglave përkatëse, por edhe për përcaktimin e aktiviteteve dhe mjeteve përkatëse në Programin e mundësive të barabarta të femrave dhe burrave. Komuna e Karposhit theksoi se falë entuziazmit të madh të anëtarëve të grupit ndër-sektorial punues, në program ishin paraparë 452.000,00 denarë dhe të gjitha mjetet ishin përdorur për realizimin e projekteve të sferës së barazisë gjinore. Por, u prezantuan edhe shembuj të komunave ku mjetet e parapara në këtë program nuk përdoren aspak ose ato ridestinohen më vonë për qëllime të tjera. Koordinatorët sërish theksuan nevojën e përpilimit dhe aplikimit të procedurave dhe dokumenteve të unifikuara, të cilat i ka paraparë tashmë BNJVL-ja për realizimin e projektit të ri.

Nevoja e shkëmbimit të praktikave të mira, përkatësisht projekteve të cilat autoritetet lokale të vendit dhe jashtë vendit i zbatojnë për sigurimin e një përfaqësimi më të madh gjinor u theksua gjithashtu nga ana e koordinatorët. Koordinatorja e Komunës së Vallandovës prezantoi iniciativën e Komisionit të mundësive të barabarta në komunën e tyre për përfshirjen më të madhe të fëmijëve të mjediseve rurale në kopshtet e fëmijëve, me qëllim të mbështetjes së femrës rurale që të përfshihet në mënyrë më aktive në obligime të caktuara pune, por edhe për socializim dhe edukim më të madh të këtyre fëmijëve. Ajo theksoi se është iniciuar që komuna të sigurojë transport falas me qëllim që të shkojnë këta fëmijë në kopshtet më të afërta të fëmijëve në Vallandovë, Piravë, Udovë dhe Brajkovc, ndërsa në fazën e dytë të sigurohet ndërtimi i kopshteve të fëmijëve edhe në vendbanimet e tjera. Edhe një përfitim nga kjo iniciativë është që fëmijët nga fshati Dedeli, ku popullata është e përkatësisë turke, që nga mosha e re do të mund të mësojnë gjuhën maqedonase dhe anasjelltas, fëmijët e përkatësisë maqedonase do ta mësojnë gjuhën turke. Njëkohësisht është iniciuar iniciativë që të sigurohet edhe një edukatore e cila do ta flasë gjuhën turke.



## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЖЕНИ НА РАКОВОДНИ ПОЗИЦИИ И ВО ТРАДИЦИОНАЛНО „МАШКИТЕ ПРОФЕСИИ“ - АКТУЕЛНИ ПОЛИТИКИ НА ГРАЦ ВО ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Жена назначена за директорка на јавното претпријатие за собирање на отпад и преработка на ѓубрето е неодамна донесената одлука на администрацијата на градот Грац (Австрија). Одлуката е во согласност со постојните политики за зголемување на бројот на жени на раководни позиции во претпријатија во кои има поголем број на вработени мажи. Официјалните податоци покажуваат дека во јавните претпријатија кои се под управата на Грац, застапеноста на вработени жени во нив изнесува само 16%. Процентот на вработеност на жените во администрацијата на Грац е значително поголем, односно 33%, но тие сметаат дека, сепак, не е доволен. Токму затоа, Грац во овој период го става фокусот на обезбедување на поголема застапеност на жените на раководни позиции, но и во професии кои ,традиционално, се сметаат за „машки“, како што се противпожарните служби. Исто така, многу често, во јавните повици што ги објавуваат од страна на општинската администрација се нагласува потребата од соодветна родова застапеност, било да е тоа во комуналната област, социјалата, спортот и други области. Потреба за потенцирање на одредени родови принципи се нагласува и во рамките на самите проекти. Пример е повикот до архитекти за проектирање на парк во одредено подрачје, каде како услов било ставено задолжително во него да бидат проектирани ,безбедни катчиња за мајки и деца, поставени во централни места во паркот.

Ова се дел од добрите практики на Грац, презентирани при тридневната студиска посета што во организација на ОБСЕ, им беше овозможена на неколку претставници од централната и од локалната власт од нашата земја, меѓу кои беше и претставничката од ЗЕЛС, која континуирано работи на јакнење на капацитетите на општините за интегрирање на родовите политики во општинските програми и буџет.

### „Советник за рамноправност, управување со внатрешната родова застапеност“ – задолжително работно место во администрацијата на Грац

Претставниците беа запознаени дека во систематизацијата на работните места на Грац има посебно работно место- „Советник за рамноправност, управување со внатрешната родова застапеност“, кое исклучиво е посветено на спроведување на локалните политики за родова еднаквости примена на европските закони, повелби, и стандарди во оваа област. Приска Пшаид, одговорна за родовите прашања во Грац, говореше за начинот на организирање и имплементирање на родовите политики на локално ниво. При развојот на Акциските планови за родова еднаквост на Грац, се користат индикаторите кои се развиени од страна на Конгресот на европски региони и општините (CEMR), се применува Европската повелба за родова еднаквост, се користат податоци од Опсерваторијата на CEMR, од каде се извлекуваат бројни полезни информации за општините и регионите во Европа, кои обезбедуваат креирање и имплементирање на соодветни родови политики и активности. Притоа, посебно беше нагласена важноста од родово разделените податоци што треба да ги утврдува администрацијата, кои се суштински за развој на конкретни и веродостојни општински активности и проекти, во кои ќе бидат утврдени различните потреби на жените и

## RRITJA E NUMRIT TË FEMRAVE NË POZITA UDHËHEQËSE EDHE NË PROFESIONET "TRADICIONALISHT" MASHKULLORE – POLITIKAT AKTUALE TË GRACIT NË SFERËN E BARAZISË GJINORE

Një grua e emëruar për drejtore të ndërmarrjes publike për mbledhjen dhe përpunimin e mbeturinave është vendimi i miratuar së fundmi i administratës së Qytetit të Gracit (Austri). Vendimi është në përputhje me politikat aktuale për rritjen e numrit të femrave në pozita udhëheqëse në ndërmarrjet në të cilat numri më i madh i të punësuarve janë burra. Të dhënat zyrtare tregojnë se në ndërmarrjet publike që janë nën administrimin e Gracit, përfaqësimi i femrave të punësuara në to është vetëm 16%. Përqindja e grave të punësuara në administratën e Gracit është dukshëm më e lartë, gjegjësisht 33%, por ato mendojnë se kjo përqindje ende nuk është e mjaftueshme. Pikërisht për këtë arsye, Graci në këtë periudhë ia vë fokusit sigurimit të përfaqësimit më të madh të grave në pozita udhëheqëse, por edhe profesioneve që "tradicionalisht" vlerësohen si mashkullore, siç janë shërbimet e zjarrfikësve. Gjithashtu, shumë shpesh, në thirrjet publike që publikohen nga ana e administratës komunale theksohet nevoja për përfaqësim adekuat gjinor, pa marrë parasysh nëse bëhet fjalë për sferën komunale, sociale, sportive dhe sfera të tjera. Nevoja për të theksuar disa parime gjinore theksohet edhe brenda vetë projekteve. Shembull është thirrja për arkitektë për projektimin e një parku në një zonë të caktuar, ku si kusht është shkruar se domosdoshmërish në të duhet të projektohen "kënde të sigurta për nëna dhe fëmijë", të vendosura në zonat qendrore të parkut.

Këto janë disa nga praktikat e mira të Gracit të prezantuara gjatë vizitës treditore studimore të organizuar nga OSBE-ja, në të cilën kishin mundësi të marrin pjesë disa përfaqësues të pushtetit qendror dhe lokal të vendit tonë, ndër të cilët ishte edhe përfaqësuesja e BNJVL-së, e cila vazhdimisht është duke punuar për forcimin e kapaciteteve të komunave për integrimin e politikave gjinore në programet dhe buxhetet komunale.

### "Këshilltar për barazi, menaxhim me përfaqësimin e brendshëm gjinor" – vendi i domosdoshëm i punës në administratën e Gracit

Përfaqësuesit u informuan se në sistematizimin e vendeve të punës të Gracit ka një vend të veçantë pune – "këshilltar për barazi, menaxhim me përfaqësimin e brendshëm gjinor", i cili është i dedikuar vetëm për zbatimin e politikave lokale të barazisë gjinore dhe zbatimin e ligjeve, kartave dhe standardeve evropiane në këtë sferë. Priska Pschaid, përgjegjëse për çështjet gjinore në Grac, foli për mënyrën e organizimit dhe zbatimit të politikave gjinore në nivel lokal. Në zhvillimin e planeve aksionare për barazinë gjinore në Grac, përdoren indikatorët e hartuar nga Kongresi i Rajoneve dhe Komunave Evropiane (CEMR), zbatohet Karta evropiane për barazi gjinore, përdoren të dhëna nga Observatori i CEMR-it, nga merren informacione të shumta të dobishme për komunat dhe rajonet në Evropë, që sigurojnë krijimin dhe zbatimin e politikave dhe aktiviteteve përkatëse gjinore. Njëkohësisht u theksua veçanërisht rëndësia e të dhënave të ndara gjinore të cilat duhet t'i përcaktojë administrata, të cilat janë thelbësore për zhvillimin e aktiviteteve dhe projekteve të besueshme dhe konkrete komunale, në të cilat do të përcaktohen nevojat e ndryshme të femrave dhe

мажите во Грац или во одредени негови области или подрачја.

### Најмалку 100.000 евра годишно за иновативни проекти

Администрацијата на Грац е поделена на 28 оддели. Управувањето со внатрешната организација е заедничко и на градоначалникот и на извршниот менаџер, а под ова ниво има седум членови на градската управа кои, пак, управуваат со 28-те административни оддели и нивните вработени. Сите тие заедно со одговорните лица на јавните претпријатија ја дефинираат визијата на Грац- „Најубав град во Европа за живеење". Притоа, во континуитет се водат од принципот - „Ние ја живееме иновацијата", а тоа го потврдуваат и со издвојување на најмалку 100.000 евра од буџетот, на годишно ниво, за обезбедување на проекти со модерни иновации. Грац е познат како универзитетски град со осум универзитети, во кој доминираат претпријатија кои произведуваат стоки и услуги за потребите на светската автомобилска индустрија.



burrave në Grac ose në zona dhe rajone të tija të caktuara.

### Së paku 100.000 euro në vit për projekte inovative

Administrata e Gracit është e ndarë në 28 departamente. Menaxhimi i organizatës së brendshme është i përbashkët dhe i takon edhe kryetarit të qytetit edhe menaxherit ekzekutiv, ndërsa nën këtë nivel janë shtatë anëtarë të administratës së qytetit, të cilët menaxhojnë me 28 departamentet administrative dhe punonjësit e tyre. Të gjithë së bashku me personat përgjegjës të ndërmarrjeve publike përcaktojnë vizionin e Gracit – "Qyteti më i bukur në Evropë për të jetuar". Ata vazhdimisht po punojnë duke iu bazuar parimit – "Ne e jetojmë inovacionin" dhe konfirmojnë këtë me ndarjen e të paktën 100.000 eurove nga buxheti në nivel vjetor, për të siguruar projekte me inovacione moderne. Graci njihet si qytet universitar me tetë universitete, në të cilin dominojnë ndërmarrje që prodhojnë mallra dhe shërbime për nevojat e industrisë botërore të automobilave.



## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО БФЦЈИЕ ГРАДОВИТЕ И ОПШТИНИТЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ РАЗВОЈНИ ФОНДОВИ

Во претходниот период партнерите од Регионалната мрежа за поволно деловно опкружување (БФЦЈИЕ мрежа), во соработка со ГИЗОРФ ММС, преку проектот „Развивање партнерства со приватниот сектор во БФЦЈИЕ градовите и општините", започнаа иницијатива за создавање амбиент за развивање јавно-приватен дијалог во БФЦЈИЕ општините и градовите. Иницијативата, пред сѐ, е насочена на поддршка на сертифицираните општини и градови во создавање конкурентно и подобро деловно опкружување преку директно учество на стопанството во развојот на локалната заедница.

На 16 и 17 октомври, 2019 година, во Белград, се одржа тркалезна маса на тема **„Креирање амбиент за развојни партнерства во БФЦЈИЕ градовите и општините"** на која присуствуваа претставници на БФЦЈИЕ локалните самоуправи од регионот, приватниот сектор и експерти од областа на развојни партнерства, кои споделија свои искуства и примери на најдобри пракси во поттикнување дијалог меѓу јавниот и приватен сектор, со акцент на користење развојни фондови/програми од земјите на ЕУ (**develoPPP.de**).

Ефикасната алатка за поврзување на приватниот и јавниот сектор во заеднички интерес се искристализира како потреба

## PËRFORCIMI I DIALOGUT NDËRMJET SEKTORIT PUBLIK DHE ATIJ PRIVAT NË BFCEJL QYTETET DHE KOMUNAT ME PËRDORIMIN E FONDEVE EVROPIANE ZHVILLIMORE

Në periudhën e mëparshme, partnerët e Rrjetit rajonal për ambient të favorshëm të biznesit (rrjeti BFCEJL), në bashkëpunim me GIZORF MMS, nëpërmjet projektit "Zhvillimi i partneriteteve me sektorin privat në BFCEJL qytetet dhe komunat", filluan iniciativë për krijimin e një ambienti për zhvillimin e një dialogu publik-privat në BFCEJL komunat dhe qytetet. Iniciativa, para të gjithash, synon t'i mbështesë komunat dhe qytetet e certifikuara në krijimin e ambientit konkurrues dhe më të mirë të biznesit përmes pjesëmarrjes së drejtpërdrejtë të ekonomisë në zhvillimin e bashkësisë lokale.

Më 16 dhe 17 tetor 2019, në Beograd u mbajt tryezë e rrumbullakët me temë "**Krijimi i ambientit për partneritete zhvillimore në BFCEJL qytetet dhe komunat"** në të cilën morën pjesë përfaqësues të BFCEJL vetëqeverisjeve lokale të rajonit, sektorit privat dhe ekspertë nga sfera e partneriteteve zhvillimore, të cilët ndanë përvojat dhe shembujt e tyre të praktikave më të mira për nxitjen e dialogut ndërmjet sektorit publik dhe atij privat me theks të përdorimit të fondeve/ programeve zhvillimore të vendeve të BE-së (**develoPPP.de**).

Vegla efikase për lidhjen e sektorit privat dhe atij publik në interes të përbashkët u kristalizua si nevojë për integrimin

за интеграција на новиот механизам (DeveloPPP) во рамки на БФЦЈИЕ програмата. Со цел да се искористат постоечките бази на локалните самоуправи на најдобар начин, процесот на информирање и воспоставување јасен канал за комуникација кон БФЦЈИЕ градовите и општините ќе се формализира, а тие ќе бидат поддржани од техничките секретаријати како оперативни структури на регионалната БФЦЈИЕ мрежа кои бидат квалификувани за имплементација на овој модел. Оттука ќе следи ревизија на одделни акредитациски документи на БФЦЈИЕ стандардот и на методологијата преку редефинирање на чекорите во реализација на процесот на (ре-)сертификација.

При пристапувањето кон процесот на (ре-)сертификација, на ваков начин локалната самоуправа ќе биде известена за оваа можност во рамките на еднодневната /дводневната обука на градскиот/општински тим задолжен за спроведување на (ре-)сертификација, а информацијата за DeveloPPP механизмот ќе биде интегрирана во БФЦЈИЕ брошурата.

Известувањето на приватниот сектор и презентирањето на DeveloPPP механизмот ќе се одвива во текот на процесот на (ре-)сертификација за време на Инфо денот за стопанството, на состаноците на Економскиот совет и/или на посебно организиран состанок со претставници на стопанството. Интеграцијата на DeveloPPP механизмот во БФЦЈИЕ програмата ќе придонесе за јакнење на капацитетите на структурата на БФЦЈИЕ мрежата на индивидуално, организациско и институционално ниво и ќе овозможи привилегиран третман на БФЦЈИЕ градовите/општините со приоритет во информирањето за можностите што се нудат преку DeveloPPP механизмот и на компаниите кои работат во БФЦЈИЕ локалните самоуправи. За поголема искористеност на фондовите достапни преку германското Министерство за развој и соработка во регионот, ГИЗОРФ од август, 2019 година., формира Регионалниот сервисен центар со седиште во Сараево, кој преку вмрежување на релевантни структури и организации во регионот, мобилизација на национални и регионални организации, и советувања ќе ги олесни процесите на воспоставување јавно-приватни соработки во регионот. Партнери на регионалната БФЦЈИЕ мрежа се: Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Црна Гора и Хрватска.

e mekanizmit të ri (DeveloPPP) në kuadër të programit BFCEJL. Me qëllim që të shfrytëzohen bazat ekzistuese të vetëqeverisjeve lokale në mënyrë më të mirë, do të formalizohet procesi i informimit dhe vendosja e një kanali të qartë për komunikim me BFCEJL qytetet dhe komunat, ndërsa do të mbështeten nga sekretariatet teknike si struktura operative të BFCEJL rrjetit rajonal që do të jenë të kualifikuara për implementimin e këtij modeli. Pastaj do të vijojë revizioni i dokumenteve të ndara akredituese të BFCEJL standardit dhe të metodologjisë përmes redifinimit të hapave në realizimin e procesit të (ri)certifikimit.

Gjatë qasjes ndaj procesit të (ri)certifikimit, vetëqeverisja lokale në këtë mënyrë do të njoftohet për këtë mundësi në kuadër të trajnimit njëditor/dyditor të ekipit të qytetit/komunës që është përgjegjës për zbatimin e (ri)certifikimit, ndërsa informata për mekanizmit DeveloPPP do të integrohet në broshurën BFCEJL.

Informimi i sektorit privat dhe prezantimi i mekanizmit DeveloPPP do të zhvillohet gjatë procesit të (ri) certifikimit gjatë Info-ditës për ekonominë, në takimet e Këshillit ekonomik dhe/ose në takim të organizuar të veçantë me përfaqësues të ekonomisë. Integrimi i mekanizmit DeveloPPP në programin BFCEJL do të kontribuojë për forcimin e kapaciteteve të strukturës së rrjetit BFCEJL në nivel individual, organizativ dhe institucional dhe do të mundësojë trajtim të privilegjuar të BFCEJL qyteteve/komunave me prioritet në informim për mundësitë që ofrohen përmes mekanizmit BFCEJL dhe për kompanitë që punojnë në BFCEJL vetëqeverisjet lokale. Për shfrytëzim më të madh të fondeve që janë në dispozicion përmes Ministrisë gjermane për zhvillim dhe bashkëpunim në rajon, GIZORF në muajin gusht të vitit 2019 ka formuar Qendrën rajonale të shërbimit me seli në Sarajevë, e cila përmes rrjetëzimit të strukturave dhe organizatave relevante në rajon, mobilizimit të organizatave nacionale dhe rajonale dhe këshillimeve do t'i lehtësojë proceset e vendosjes së bashkëpunimeve publike-private në rajon. Partnerë të BFCEJL rrjetit rajonal janë: Bosna dhe Hercegovina, Maqedonia, Serbia, Mali i Zi dhe Kroacia.

**DeveloPPP механизмот достапен и за домашни компании**

DeveloPPP механизмот претрпи одредени мали, но значајни измени, со што се отвори пристап до фондот и за домашни компании, место досегашниот критериум кој одредуваше учество само на компании кои имаат најмалку 25% удел на странски капитал од земја членка на ЕУ и ЕФТА.

Новите критериуми за учество на стопанството се фирмата да има:

-Над 800.000 евра годишен промет
-Над 8 вработени
-Минимум 2 години постоење на пазарот
-Овозможен пристап за домашни фирми.

**Mekanizmi DeveloPPP është në dispozicion edhe për kompani vendase**

Mekanizmi DeveloPPP ka pësuar ndryshime të caktuara të vogla, por të rëndësishme, me ç'rast u hap qasja deri te fondi edhe për kompani vendase, në vend të kriterit të deritanishëm i cili caktonte pjesëmarrjen vetëm të kompanive që kanë ta paktën 25% pjesëmarrje të kapitalit të huaj të një vendi-anëtar të BE-së dhe EFTA-së.

Kriteret e reja për pjesëmarrje të ekonomisë janë që kompania të ketë:

-Qarkullim prej mbi 800.000 Euro në vit
-Mbi 8 të punësuar
-Minimum 2 vjet ekzistim në treg
-Qasje të mundësuar për kompani vendase.

## РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО НЕФУНКЦИОНАЛНО - ПОТРЕБНА ЗАКОНСКА ИЗМЕНА

-„ По започнувањето на имплементацијата на процесот на децентрализација во земјава, ЗЕЛС реализираше низа активности во насока на поддршка на локалните власти за формирање на комисиите за односи меѓу заедниците и за зацврстување и унапредување на нивната работа. Во 2009 година веќе издадовме и „ Практичен водич за работата на КОМЗ " со кој се промовира постоењето и работењето на КОМЗ, како и начинот на формирање, улогата, активностите на комисиите, а истиот содржи и примери од добри искуства од нивното работење. Поинтензивни активности имавме и во 2012 -2013 година со цел обезбедување на поголема вклученост на немнозинските заедници во процесите на донесување на одлуки на локално ниво и обезбедување на континуитет во работата на комисиите и по локалните избори во 2013 година. Сето тоа, сметам дека даде голем придонес за опстојувањето и работењето на овие комисии досега, иако искуствата од терен, покажаа одредени недостатоци кои би можело да се коригираат. Изборот на членовите би требало да биде заедно со изборот на градоначалници и советници, како што е искуството во Република Хрватска. Членовите да бидат претставници од етничките заедници и тоа да се угледни и почитувани граѓани во заедницата, но не членови на Советот или на политичка партија. Исто така, потребно е за работата на комисиите да се обезбеди поголема поддршка од локалната администрација. Затоа се согласувам дека треба да се стави акцент на дорегулирањето на овие прашање во Законот за локална самоуправа ."

Ова го истакна извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, на јавната дебата организирана на 30 октомври, 2019 година, на собраниската Комисија за локална самоуправа на тема „Спроведување на Законот за локална самоуправа во однос на работата на комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво (членови 41 и 55)", на која присуствуваа министерот за локална самоуправа, Горан Милевски, градоначалници, претставници на советите на општините, претставници на комисиите за односи меѓу заедниците, од Агенцијата за остварување на правата на заедниците и од НВО секторот. Комисиите за односи меѓу заедниците се формираат на локално ниво, во согласност со Законот за локална самоуправа (чл. 41 и чл.55), со цел промоција и остварување на правата на помалубројните заедници застапени со најмалку 20 % од вкупното население во општините. Во согласност со законските обврски комисии треба задолжително да се формираат во 19 општини, а беше посочено дека на доброволна основа, вакви комисии дополнително се формирани во уште 10 општини.

Министерот Милевски посочи дека од досегашното искуство, комисиите главно се нефункционални. Како причини и тој посочи на недоволното законско уредување, кој се може да биде избран за член во оваа комисија, бидејќи засега, во најголем број на општини членови на комисијата се самите членови на Советите. Со завршување на мандатот на Советот, практично оваа комисија нема повеќе членови и треба повторно да се промовираат. Нефункционалноста на комисиите за односи меѓу заедниците се рефлектира и на решавањето, односно нерешавањето на прашањата кои имаат влијание во односите меѓу заедниците и

## PUNA E KOMISIONEVE PËR MARRËDHËNIE MIDIS BASHKËSIVE NË NIVEL LOKAL ËSHTË JOFUNKSIONALE – KA NEVOJË PËR NDRYSHIM LIGJOR

- "Pas fillimit të implementimit të procesit të decentralizimit në vend, BNJVL-ja realizoi një sërë aktivitetesh në drejtim të mbështetjes së autoriteteve lokale për formimin e komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive dhe për përforcimin dhe avancimin e punës së tyre. Në vitin 2009 tashmë kemi publikuar edhe "Udhëzuesin praktik për punën e KMMK-së" me të cilin promovohet ekzistimi dhe puna e KMMK-së, si dhe mënyra e formimit, roli dhe aktivitetet e komisioneve dhe i njëjti përmban edhe shembuj të përvojave të mira të punës së tyre. Aktivitete më intensive kemi pasur edhe në vitin 2012 – 2013 me qëllim që të sigurohet përfshirje më e madhe e bashkësive jo shumicë në proceset e marrjes së vendimeve në nivel lokal dhe të sigurohet vazhdimësi e punës së komisioneve edhe pas zgjedhjeve lokale në vitin 2013. Të gjitha këto mendoj se kanë dhënë kontribut të madh për ekzistimin dhe punën e këtyre komisioneve deri më tani, edhe pse përvojat nga terreni kanë treguar mungesa të caktuara që mund të korrigjoheshin. Zgjedhja e anëtarëve do të duhej të ishte me zgjedhjen e kryetarëve të komunave dhe këshilltarëve, siç është përvoja në Republikën e Kroacisë. Anëtarët të jenë përfaqësues të bashkësive etnike dhe ata të jenë qytetarë me dinjitet dhe të respektuar në bashkësi, e jo anëtarë të Këshillit ose të ndonjë partie politike. Gjithashtu, për punën e komisioneve duhet të sigurohet mbështetje më e madhe nga administrata lokale. Prandaj pajtohem se theksi duhet t'i vihet rregullimit shtesë të këtyre çështjeve në Ligjin për vetëqeverisje lokale".

Këtë e theksoi drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, në debatin publik që u organizua më 30 tetor 2019 të Komisionit parlamentar për vetëqeverisje lokale me temë "Zbatimi i Ligjit për vetëqeverisje lokale në lidhje me punën e komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive në nivel lokal (nenet 41 dhe 55)", në të cilin morën pjesë Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Goran Milevski, kryetarë komunash, përfaqësues të këshillave të komunave, përfaqësues të komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive, përfaqësues nga Agjencia për realizimin e të drejtave të bashkësive dhe nga sektori i organizatave joqeveritare. Komisionet për marrëdhënie midis bashkësive formohen në nivel lokal, në përputhje me Ligjin për vetëqeverisje lokale (neni 41 dhe neni 55) me qëllim të promovimit dhe realizimit të të drejtave të bashkësive jo shumicë që përfaqësohen me të paktën 20% të popullatës së përgjithshme në komuna. Në përputhje me obligimet ligjore, komisione duhet domosdoshmërish të formohen në 19 komuna, ndërsa u theksua se në bazë vullnetare, komisione të këtilla janë formuar në mënyrë shtesë edhe në 10 komuna të tjera.

Ministri Milevski theksoi se nga përvoja e deritanishme, komisionet kryesisht janë jofunksionale. Si arsye për këtë edhe ai e theksoi rregullimin e pamjaftueshëm ligjor se kush mund të zgjidhet për anëtar të këtij komisioni, sepse deri më tani, në numrin më të madh të komunave anëtarë të komisionit janë vetë anëtarët e këshillave. Me përfundimin e mandatit të Këshillit, praktikisht ky komision nuk ka më anëtarë dhe ata duhet sërish të promovohen. Mosfunksionimi i komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive reflektohet edhe mbi zgjidhjen, përkatësisht moszgjidhjen e çështjeve që kanë ndikim ndaj marrëdhënieve midis bashkësive dhe për të cilat në Këshill vendoset me shumicën e Badenterit,

за кои во Советот се одлучува со бадентерово мнозинство, што претставува ризик и може да создаде меѓуетнички проблеми. Милевски посочи дека на комисиите им е потребна поддршка од општинската администрација, како и буџетска поддршка.

И Џевад Адеми, претседател на Комисијата за локална самоуправа, смета дека комисиите за односи меѓу заедниците се нефункционални и според него, тоа не се должи само на членот 55 од ЗЛС, туку и заради пристапот на локалната власт.

За потребата од законски измени што ќе придонесе за функционалност на комисиите за односи меѓу заедниците, за решавање на проблемите, за зголемување на дијалогот во општините и координацијата меѓу целото општество се заложи и Илхан Рахман, Директорот на АОПЗ, а истиот став го изнесоа и претставниците од граѓанските организации.

Комисија за локална самоуправа ги слушна предлозите на сите чинители и најави продолжување на оваа седница со конкретизирање на предлозите за допрецизирање на членовите 41 и 55 од Законот за локална самоуправа.

që është rrezik dhe mund të krijojë probleme ndëretnike. Milevski theksoi se komisionet kanë nevojë për mbështetje nga administrata komunale, si dhe për mbështetje buxhetore.

Edhe Xhevat Ademi, kryetari i Komisionit për vetëqeverisje lokale, konsideron se komisionet për marrëdhënie midis bashkësive janë jofunksionale dhe sipas tij, arsye për këtë nuk është vetëm neni 55 i Ligjit për vetëqeverisje lokale, por edhe qasja e pushtetit lokal.

Për nevojën e ndryshimeve ligjore të cilat do të kontribuojnë për funksionalitetin e komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive, për zgjidhjen e problemeve, për rritjen e dialogut brenda komunave dhe koordinimin midis tërë shoqërisë u zotua edhe Ilhan Rahman, drejtori i Agjencisë për realizimin e të drejtave të bashkësive, ndërsa të njëjtën qëndrim e theksuan edhe përfaqësuesit e organizatave civile.

Komisioni për vetëqeverisje lokale dëgjoi propozimet e të gjitha palëve të interesuara dhe paralajmëroi vazhdimin e kësaj seance me konkretizim të propozimeve për saktësim shtesë të neneve 41 dhe 55 të Ligjit për vetëqeverisje lokale.

## ОПШТИНИТЕ ЌЕ РАЗВИВААТ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ СО ГРАНТ ОД 10,8 МИЛИОНИ ЕВРА

Претставници од одделенијата за локален економски развој и одговорните лица во општините за прашања од областа на социјалата, на 31 октомври, 2019 година во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот имаа можност да бидат запознаени со „Проектот за подобрување на социјалните услуги". Настанот го организираше Министерството за труд и социјална политика, во соработка со ЗЕЛС, во насока локалните власти детално да бидат информирани за можностите за развој на социјалните услуги, во согласност со потребите на корисниците. „Ова е добра можност за поддршка на локалната власт во обезбедувањето на социјалните услуги за своите граѓани. Особено што доаѓа во момент кога ЗЕЛС заедно со Владата на Република Северна Македонија реализираат бројни активности за утврдување на можностите за продлабочување на процесот на децентрализацијата и пренесување на повеќе надлежности на локално ниво, меѓу кои и надлежности од областа на социјалната заштита. Затоа ова го сметам како полезна обука за локалната администрација за нивно подготвување како во иднина тие самостојно да управуваат со овие средствата и да реализираат проекти кои ќе обезбедат заштита на граѓаните од социјалните групи во нивната средина", истакна Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС.

Беше посочено дека во месец декември ќе биде отворен повикот и општините ќе може да аплицираат за грантови за овој Проект, наменети за проекти за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајќи непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата. Општините сами ги избираат партнерите за апликацијата за добивање на гранд за проектот, а договорот го склучуваат трите страни: МТСП, општината и партнерот.

## KOMUNAT DO TË ZHVILLOJNË SHËRBIME SOCIALE ME GRANT PREJ 10.8 MILIONË EUROSH

Përfaqësuesit e departamenteve të zhvillimit ekonomik lokal dhe personat e përgjegjshme të komunave për çështjet e sferës së punës sociale, më 31 tetor 2019, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së kishin mundësi të informohen me "Projektin për përmirësim të shërbimeve sociale". Ngjarjen e organizoi Ministria e Punës dhe Politikës Sociale në bashkëpunim me BNJVL, me qëllim që autoritetet lokale të informohen hollësisht për mundësitë për zhvillim të shërbimeve sociale, në përputhje me nevojat e përdoruesve. "Kjo është mundësi e mirë për t'u mbështetur pushteti lokal në sigurimin e shërbimeve sociale për qytetarët e vetë. Veçanërisht që vjen në momentin kur BNJVL-ja së bashku me Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut realizojnë aktivitete të shumta për përcaktimin e mundësive për thellimin e procesit të decentralizimit dhe transferimin e më shumë kompetencave në nivel lokal, ndër të cilat edhe kompetencat e sferës së mbrojtjes sociale. Prandaj këtë trajnim e konsideroj si i dobishëm për administratën lokale për përgatitjen e tyre se si ata në të ardhmen të menaxhojnë në mënyrë të pavarur me këto mjete dhe të realizojnë projekte të cilat do të sigurojnë mbrojtje për qytetarët e grupeve sociale në mjedisin e tyre", theksoi Dushica Perishiq, drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së.

U theksua se në muajin dhjetor do të hapet thirrja dhe komunat do të mund të aplikojnë për grante për këtë projekt, të destinuara për projekte për zhvillim të shërbimeve sociale në bashkësitë lokale, duke përfshirë shërbimin e drejtpërdrejtë social, ndihmën për individ ose familje, kujdesin shtëpiak, asistencën personale, kujdesin ditor, kujdesin e përkohshëm, shtëpitë e vogla grupore, qendrat ditore dhe shërbimet për jetesë me mbështetje dhe shërbimet e tjera inovative në bashkësi. Komunat i zgjedhin vetë partnerët për aplikim për fitim të grantit të projektit, ndërsa marrëveshjen e lidhin tri palët: MPPS-ja, komuna dhe partneri.



-„Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно со потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица, за што се обезбедени вкупно 10,8 милиони евра, заем на Светска банка, за период на имплементација од пет години.", посочи Душан Томшиќ, од Министерството за труд и социјална политика. На презентацијата присутните беа запознаени со новиот Закон за социјална заштита, во кој се развиени нови услуги од областа на социјалата, а преку реализацијата на овој Проект, всушност почнува и нивното практично имплементирање. Во Законот децидно се определени и обврските на локалната власт, а една од нив е општината да формира Совет за социјална заштита. Општините особено ќе имаат можност да развиваат „услуги за советување", каде може да ангажираат поддршка од невладини организации, компании, стручни лица, како и „услуги во домот", каде доминираат потребите за помош на старите лица. Општините ќе имаат голема улога во препознавањето на вистинските потреби на корисниците на социјалните услуги и мапирање на социјалниот простор на најранливите категории. Беше посочено дека оние што ќе даваат социјални услуги морада имаат лиценца, да ги задоволат утврдените стандарди, а процедурата е изнесена на веб-страницата на МТСП. Се очекува да се постигне двоен ефект: зголемена поддршка во социјалната заштита и овозможување на вработување на лица кои ќе сакаат да се вклучат во давањето на социјалните услуги. Беше посочено дека за реализација на Проектот отворена е проектна канцеларија, која на општините ќе им обезбеди поддршка во реализацијата на проектот, со цел тие да бидат спремни за повикот, а ќе се формира и комисија која ќе ги разгледува и одобрува апликациите.

- "Një nga objektivat kryesore të projektit është zhvillimi dhe përmirësimi i cilësisë së shërbimeve sociale në bashkësitë lokale, në përputhje me nevojat e qytetarëve dhe rritjen e qasjes deri te shërbimet sociale të destinuara për grupet e rrezikuara të qytetarëve, personat e moshuar, personat me aftësi të kufizuara dhe personat e tjerë, për të cilën gjë janë siguruar gjithsej 10.8 milionë euro, kredi e Bankës Botërore, për një periudhë të implementimit prej pesë vjetësh", theksoi Dushan Tomshiq nga Ministria e Punës dhe Politikës Sociale. Të pranishmit në prezantim u informuan për Ligjin e ri për mbrojtjen sociale, në të cilin janë zhvilluar shërbime të reja të sferës së punës sociale dhe me realizimin e këtij projekti faktikisht fillon edhe implementimi i tyre praktik. Në Ligj janë përcaktuar në mënyrë të saktë edhe obligimet e pushtetit lokal, e një nga ato është që komuna të formojë Këshill për mbrojtje sociale. Komunat sidomos do të kenë mundësi të zhvillojnë "shërbime këshillimi", ku mund të marrin mbështetje nga organizatat joqeveritare, kompani, ekspertë, si dhe "shërbime shtëpiake", ku dominojnë nevojat për të ndihmuar personat e moshuar. Komunat do të kenë rol të madh në identifikimin e nevojave të vërteta të përdoruesve të shërbimeve sociale dhe shënimin e hapësirës sociale të kategorive më të rrezikuara. U theksua se ata që do të ofrojnë shërbime sociale duhet të kenë licencë, t'i përmbushin standardet e përcaktuara, ndërsa procedura është vënë në faqen e internetit të MPPS-së. U pritet që të arrihet efekt i dyfishtë: të rritet mbështetja në mbrojtjen sociale dhe të mundësohet punësimi i personave të cilët dëshirojnë të përfshihen në dhënien e shërbimeve sociale. U theksua se për realizimin e projektit u hap një zyrë e projektit, e cila do të mundësojë mbështetje për realizimin e projektit të komunave, me qëllim që komunat të jenë të gatshme për thirrjen, ndërsa do të formohet edhe Komision i cili do t'i shqyrtojë dhe miratojë aplikacionet.



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk